МЕСЕЦ

# КОСАР

МАЈ

Пишува: **АЦО СТАНКОСКИ**

Месецов, покрај метафоричките импликации на плодноста: мајски бумбар, мајски цвет, толчници, прашници, камасутра за растенијата и за бубалките кои хералдички експандираат по пубичните маргини на веќе порасанатите пионери на анархичната порно мрежа на природата и општеството, секогаш незаобиколиво ја насочувал ретрокогнитивноста кон веќе историски потрошениот комунистички систем.

Така, најзначајниот комунистички празник - 1 мај - е супститут на Велигден; Воскресението на **Исус Христос** станува воскреснување на работничката класа; **Карл Маркс** станува една нова варијанта на пророкот **Мојсеј**; *Комунистичкиот манифест - Десетте божји заповеди*; а **Сталин** и **Ленин** би можеле да бидат **Соломон** и **Давид** или, во понова варијанта, св. **Петар** и св. **Павле**, а зошто да не и римските цареви **Константин** и **Јустинијан**.

25 мај е еден вид југо-комунистички Божик, датумот на раѓањето на најголемиот син во историјата на народите и народностите на *С.Ф.Р.Јот* **Јосип Броз Тито** е роден во Кумровец, Хрватско Загорје, во сиромашно многудетно селско семејство кое одвај крпеше крај со крај Во текот на својот долг и плодоносен живот (во политичка смисла) успеа да го доведе комунизмот од марксистичка наука до монета за поткусурување меѓу двата големи политички блока, спротивставени по прашањето на видот и начинот на манипулација со масите. Од една страна, воено-полициската диктатура на сталинизмот, што на рафинираниот пролетерски шеик Тито му беше невкусна и *рогобатна,* како гигантска машина за мелење месо - човечко; од друга страна, просветителскиот апсолутизам (**Рорти**) на Западот, во кој тајната олигархија ги трошеше народните персоналитети како менструални влошки, на еден тивок и подол начин, што суптилно го сокрива лицето на асасинот, а злосторството го претставува како несреќен случај. Чинам дека Маршалот добро ги проучи тие два, навидум (според формата) спротивставени, света. Неговата есенцијална доктрина (и покрај хуманистичките хумористични што ги раскажуваше со плејбојски шарм) беше една контролирана шизофренија, што вешто опстојуваше во емпирискиот бестијар на **Томас Хобс,** во кој уставната преамбула е: "Човек на човека му е волк". И самиот љубител на месо (впрочем, како и секој владетел што држи до своето самољубие), Тито беше ефикасен во справувањето со своите политички противници. Тоа, секако, го правеше сурово и консеквентно, час инспиран од **Макијавели**, час вдахновен од **Дарвин**... Како вистински алфа-мажјак, доследно и пожртвувано ги штитеше богатствата на своето владеење, а како високо еволуираните предатори, нежно и скрупулозно се грижеше за супериорниот дизајн на генетските структури што ги мултиплицира во своето царство. Една, би рекол, омнипотентност, едно гигантско либидо чијшто симболички реликт е и феноменот на *Штафетата на младоста* - тој фосилиразан фалус на најсаканиот владетел, фалус што ги усреќуваше младинките и младинците од целата земја, од Триглав до Вардар, и од Ѓердап до Јадран.

**Јосип Броз Тито** успеа да ги артикулира глобалните проблеми на тогашниот колонијализам и заедно со **Нехру** и **Насер** да создаде едно дотогаш невидено глобално движење на угнетените и на понижените. Со овој акт тој доби некаква робинхудовска аура. За разлика од Коминтерната, неговата доктрина не инсистираше на пролетерската униформност. Тој ја отфрли шематичноста на дијалектичкиот материјализам, заедно со сите негови деривати, и - како вистински џентлмен - остави работите да се движат по својот тек. Тој спој на култури и системи, дијаметрално различни по својата манифестност, а сепак собрани во Движењето на неврзаните - како толпа лудаци во еуфорија, кои радосно пловат на својот сплав низ океанот на небиднината - го прави вистински антиципатор на постмодернизмот - во политиката. Едноставно, луѓето го сакаа - без оглед на расната, конфесионалната, класната, националната или половата припадност. Единствен лик од светската историја што остави таква сеомилена аура во човештвото (изземајќи ги пророците, светците и аватарите - божјите инкарнации) е **Александар Македонски**. Всушност, имајќи ја предвид тибетската концепција за есхатологоијата и за метапсихозата, недвосмислено би посочил дека Јосип Броз Тито е реинкарнација на Александар Македонски.

Има безброј индиции што го сугерираат ова. Од неговиот класичен лик, до неговата неспоредлива интелигенција. И двете инкарнации се чеда на Балканот. И двата карактера ја користеа својата стратегиска генијалност во интегративни цели. И двајцата ја сакаа мултикултурата, сметајќи дека таа зботатува. И двајцата имаа дар на луда храброст, но и невиден талент низ симулирана деструктивност да постигнат големи воени или идеолошки победи (сетете се на Гордиевиот јазол, чиешто деструирање беше симболичко отстранување на пречката за евро-азиското поврзување, или на рушењето на мостот на Неретва, кога Тито ја доби најдоблесната битка во историјата на војувањето - Битката за ранетите). Дискрепанцата на должината на нивното физичко постоење на нивниот свет е компензација за освоеното - Александровиот краток живот и огромната територија што ја запоседна и Титовиот живот на долго владеење на релативно мала територија. И, конечно, главниот спој - Македонија: првата и последната дестинација на овие два карактера: едниот се роди во неа и се изгуби во светот на големите можности. Другиот пред смртта остави аманет: "Чувајте ми ја Југославија". Денес, дваесет и четри години по неговата смрт, Југославија постои само во сложеното име на Македонија - Бивша **Југословенска** Република **Македонија**. Брилијантноста на Космичкиот Ум наоѓа решенија и во најбезизлените ситуации: што со својата блескава супериорност, како просветлувањето на **Готама Буда** или воскреснувањето на Исус Христос.

Тоа се, всушност, чудесните патишта на Севишниот: од отфрлениот камен да направи темелник; од простосрдечноста - мудрост; од дефектот - ефект.

148 (VII)



АЦО СТАНКОСКИ, "Лун - крал на полноќта" комбинирана техника 200x150 цм.